09 – 1188/1
13 -03- 2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29 - та седница, одржана на 10.03.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата со бр. 09-3200/1 од 09.12.2025 година, СЕ ОТФРЛА, бидејќи пријавата нема јасни наводи и укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавните овластувања и службената должност.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3200/1 од 09.12.2025 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител, со наводи дека во Комората за ------------- која е комора со јавни овластувања, претседателот на Управниот одбор сега избран самиот без да Управниот одбор дозволи, склучувал договор за адвокатски услуги со адвокат ----------- ( поранешен министер за -------- ) а во неговата канцеларија работи неговата сопруга.
По разгледување на пријавата, Државната комисија констатира дека наводите во истата не укажуваат на постоење на состојба која е во спротивност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи функцијата претседател на Управниот одбор на Комората на ----------------- нема статус на избрано или именувано лице во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„ (2) Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“
Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси единствено постапува за службени лица кои што се избрани или именувани и вработени во јавниот сектор.

Согласно член 2 став 2 од Статутот на Комората на --------------:
„ (2) Комората е самостојна, професионална, непрофитна и независна организација, со својство на правно лице. Комората својството на правно лице го стекнува со денот на запишувањето во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите.“

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија утврди дека нема јасни наводи и укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавните овластувања и службената должност.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК